**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

**Наставна програма**

# Музичко образование

# за III одделение

**Скопје, 2022 година**

# ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

| | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | *Музичко образование* |
| **Вид/категорија на наставен предмет** | Задолжителен |
| **Одделение** | **III (трето)** |
| **Наставни теми на наставната програма** | **1. Слушаме музика**<br>**2. Пееме, свириме и играме** |
| **Број на часови** | 1 час неделно /36 часа годишно |
| **Опрема и средства** | Специјализирана училница (кабинет) која освен стандардните средства и помагала е опремена и со:<br>• детски ритмички  и мелодиски инструменти (ритмички стапчиња, барабан, тропалки, триангл, чинели, дајре, тапани во различни големини, кастањети, гонг, чинели, ксилофон, маракас, металофон, мелодика, блок флејта/шупелка);<br>• разни извори на учење од природата и непосредната околина (листови хартија во боја, суви лисја од дрвјата, дрвени или метални прачки, стаклени, дрвени, метални предмети со разновидна звучност во училницата);<br>• печатени материјали (прирачници, магазини, весници);<br>• дводимензионални отпечатоци - непроектирани (слики, фотографии, постери, илустрации);<br>• уреди за репродукција на аудио- и видеозаписи (ЦД и ДВД-уред, хај-фај уред, ТВприемник, компјутер со пристап до интернет, квалитетни звучници, ЛЦД-проектор, паметна (смарт) табла);<br>• клавир/пијанино/електрично пијано или некој друг музички темпериран инструмент;<br>• аудио- и видеозаписи: аудио и видео ЦД со соодветна содржина;<br>• интерактивна табла. |
| **Норматив на наставен кадар** | Воспитно-образовната работа во трето одделение може да ја изведува лице кое е:<br>• професор/наставник/учител по одделенска настава, VII/1 или VI/1 (според МРК) и 240 ЕКТС; |

| | |
|---|---|
| | • дипломиран педагог, VII/1 или VI/1 (според МРК) и 240 ЕКТС. |

## ПОВРЗАНОСТ СО НАЦИОНАЛНИТЕ СТАНДАРДИ

Резултатите од учење наведени во наставната програма водат кон стекнување на следните компетенции опфатени со подрачјето **Уметничкото изразување и култура** од Националните стандарди:

| | *Ученикот/ученичката знае и/или умее:* |
|---|---|
| VIII-А.1 | да манифестира познавање на различните форми на уметничко изразување од сите области на културата (литературата, музиката, визуелните уметности, изведбените уметности, декоративните уметности, архитектурата, дизајнот), |
| VIII-А.3 | да ги изразува сопствените идеи, искуства и емоции користејќи уметнички или други форми на креативно изразување (индивидуални или колективни), |
| VIII-А.4 | да ги интерпретира идеите, искуствата и емоциите изразени во уметничките продукти креирани од другите што се припадници на сопствената или на други култури, |
| VIII-А.5 | да манифестира познавање на сопствената култура и на различните начини на нејзино изразување преку литературата и визуелните уметности, музиката и танците, градбите и другите културни продукти, |
| VIII-А.6 | да ги идентификува разликите и сличностите меѓу сопствената култура и другите култури во своето потесно и пошироко опкружување и да ја анализира нивната поврзаност и меѓузависност |
| | *Ученикот/ученичката прифаќа дека:* |
| VIII-Б.2 | критичкиот однос конразличните продукти на уметноста е битен за развивање на индивидуалните и општествените естетски вредности. |

Наставната програма вклучува и релевантни компетенции од следните подрачја на Националните стандарди:
**Дигитална писменост, Личен и социјален развој,** и**. Општество и демократска култура**

| | *Ученикот/ученичката знае и умее:* |
|---|---|
| IV-А.2 | да процени кога и на кој начин за решавање на некоја задача/проблем е потребно и ефективно користење на ИКТ |
| IV-А.5 | да определи какви информации му/и се потребни, да најде, избере и преземе дигитални податоци, информации и содржини |
| V-А.4 | да прави процена на сопствените способности и постигања (вклучувајќи ги силните и слабите страни) и врз основа на тоа да ги определува приоритетите што ќе му/ѝ овозможат развој и напредување, |

| | |
|---|---|
| V-А.6 | да си постави цели за учење и сопствен развој и да работи на надминување на предизвиците што се јавуваат на патот кон нивно остварување |
| V-А.7 | да ги користи сопствените искуства за да си го олесни учењето и да го прилагоди сопственото однесување во иднина |
| V-А.14 | да слуша активно и соодветно да реагира, покажувајќи емпатија и разбирање за другите и да ги искажува сопствените загрижи и потреби на конструктивен начин |
| V-А.15 | да соработува со други во остварување на заеднички цели, споделувајќи ги сопствените гледишта и потреби со другите и земајќи ги предвид гледиштата и потребите на другите |
| V-А.17 | да бара повратна информација и поддршка за себе, но и да дава конструктивна повратна информација и поддршка во корист на другите |
| V-А.19 | да дава предлози, да разгледува различни можности и да ги предвидува последиците со цел да изведува заклучоци и донесува рационални одлуки, |
| VI-А.5 | да ги разбира разликите помеѓу луѓето по било која основа (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус, итн.), |
| VI-А.6 | да препознава присуство на стереотипи и предрасуди кај себе и другите и да се спротивставува на дискриминација. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| IV-Б.1 | дигиталната писменост е неопходна за секојдневното живеење - го олеснува учењето, животот и работата, придонесува за проширување на комуникацијата, за креативност и иновативност, нуди разни можности за забава,l |
| V-Б.3 | сопствените постигања и добросостојба во најголема мера зависат од трудот што самиот/самата го вложува и од резултатите што самиот/самата ги постигнува, |
| V-Б.4 | секоја постапка што ја презема има последици по него/неа и/или по неговата/нејзината околина |
| V-Б.7 | иницијативноста, упорноста, истрајноста и одговорноста се важни за спроведување на задачите, остарување на целите и надминување на предизвиците во секојдневите ситуации |
| V-Б.8 | интеракцијата со другите е двонасочна – како што има право од другите да бара да му биде овозможено задоволување на сопствените интереси и потреби, така има и одговорност да им даде простор на другите да ги задоволат сопствените интереси и потреби |
| V-Б.9 | барањето повратна информација и прифаќањето конструктивна критика води кон личен напредок на индивидуален и социјален план |

# РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

| Тема: **СЛУШАМЕ МУЗИКА**<br>Вкупно часови: 18 | |
|---|---|
| **Резултати од учење:**<br>Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да:<br>1. препознава музички инструменти (гитара, хармоника) и групи инструменти (жичени, дувачки, удирачки) во оркестарски изведби;<br>2. разликува детска музика, народна музика, музика од анимирани филмови, класична музика и препознава по неколку примери од секој вид;<br>3. покажува и поврзува по неколку музички изразни средства за да го процени карактерот во слушаните композиции;<br>4. препознава народни песни, игри и инструменти(тамбура/чифтелија, ќемане) на етничките заедници кои живеат во РС Македонија. | |
| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
| • Музички инструменти и гласови<br>(групи оркестарски инструменти: жичени, дувачки, удирачки; музички инструменти: хармоника, гитара; народни инструменти: тамбура/чифтелија, ќемане) | • Препознава хармоника и гитара, визуелно и звучно.<br>• Прави разлика меѓу групи оркестарски инструменти, визуелно и звучно.<br>• Прави разлика меѓу тамбура/чифтелија и ќемане, визуелно. |
| • Видови музика<br>(класична музика, музика за деца, музика од анимиран филм, народна музика, композитор)<br>*(Истите видови музика се повторуваат во сите одделенија, но во секое следно одделение се воведуваат нови посложени дела/композиции за слушање.)* | • Идентификува кој вид е музиката која ја слуша врз основа на композициите кои претходно ги слушнал/слушнала.<br>• Идентификува и наведува најмалку една композиција од секој од видовите музика.<br>• Наведува најмалку еден композитор на класичната музика. |
| • Музички изразни средства<br>(мелодија, ритам, метар, бавно/брзо/умерено, високи/ниски тонови, гласно/тивко, поврзано/отсечно) | • Идентификува аудитивни контрасти (високо/ниско, кратко/долго, бавно/брзо/умерено, гласно/тивко, поврзано/отсечно).<br>• Идентификува различни музички изразни средства во слушаните композиции.<br>• Идентификува карактер на слушаните композиции. |

**Примери на активности:**

- Наставникот презентира аудио записи од гитара, хармоника (од препорачаните композиции) одделно, а потоа и заедно двата инструменти, додека учениците преку звукот на инструментот препознаваат кој е инструментот што го слушаат. Потоа се прикажуваат визуелни презентации преку фотографии, цртежи или видео снимки од изведби за учениците да се запознаат со формата и изгледот на гитарата и хармониката.
- Учениците ја слушаат композицијата „Петре и волкот“ од Сергеј Прокофјев, откако наставникот претходно им ја раскажал замислата на композиторот: преку приказната за момчето Петре и неговите пријатели животни и птици во храбрата борба со волкот да ги запознае младите слушатели со симфонискиот оркестар и инструментите и групите инструменти кои го сочинуваат. Учениците со помош на наставникот и водени од текстот на приказната ги запознаваат инструментите, нивниот изглед и звук, како и карактерите на ликовите кои ги интерпретираат. Наставникот акцентира внимание на групите инструменти според градбата и начинот на добивање тон – жичени, дувачки и удирачки. Исто така, учениците, со помош на наставникот, заклучуваат дека секој лик е прикажан со сопствена музика.
- Преку демонстрација на некои од посочените примери од народната музика од страна на наставникот, учениците се запознаваат со звучењето и бојата на тонот на народните инструменти тамбура/чифтелија и ќемане. Преку дискусија заедничка ги наоѓаат сличностите и разликите меѓу двата инструмента.
- Наставникот презентира аудио или видео записи од народни песни и ора од различните етнички заедници што живееат во РС Македонија во кои се употребени инструментите тамбура/чифтелија и ќемане и со учениците идентификуваат која народна песна/оро на која заедница припаѓа.
- Наставникот демонстрира музички примери од музика за пеење (вокална), музика за свирење (инструментална), музика за пеење и свирење (вокално-инструментална), а учениците се обидуваат при повторно слушање да разликуваат изведби со различни видови гласови, инструменти, групи инструменти, изведувачки состави.
- Наставникот презентира музички дела од различни видови музика, вклучително и делата што се слушале во претходните одделенија (класична, народна, музика од анимирани филмови, музика за деца), а учениците дискутираат за нивните изразни средства, намена, емоции и карактер. Учениците изработуваат „Музички споменар“ за композициите кои ги слушале.
- Преку аудиозаписи/видеозаписи од народни песни и народни игри/ора учениците ги идентификуваат музичките инструменти, ги определуваат карактеристиките на песните/ората и дискутираат за сличностите и разликите во звукот, Учениците изработуваат книга/пано „Богатството на нашите претци“. во кои преку илустрации и текст ги претставуваат песните/ората.
- Учениците се делат на две групи (новинари и слушатели) за да играат „Интервју“. Со помош на наставникот смислуваат прашањата за музичкиот слушател: Која е твојата омилена композција/песна/итн. Зошто ти е омилена? Кој композитор го знаеш? и сл. „Новинарите“ ги поставуваат прашањата, а „слушателите“ ги одговараат. Потоа улогите се менуваат.
- Се игра играта „Музичка меморија“. Врз основа на претходно слушаните примери (вклучително и од прво и второ оделение) од различни видови музика, наставникот демонстрира аудио и видео снимки од карактеристични делови од композициите, а учениците препознаваат за која песна или композиција се работи и се обидуваат да го погодат името на авторот (за класична музика).

- Преку интерактивна игра или квиз наставникот демонстрира примери за слушање музика со разновиден карактер, препорачани за слушање во оваа програма, како и од претходните одделенија,  учениците се обидуваат да ги препознаат, го дефинираат карактерот на музиката и наведуваат повеќе изразни средства со кои е постигнат истиот (бавно /брзо/умерено темпо, високи/ниски тонови, гласно/тивко свирење или пеење, поврзано/отсечно ).

**Препорачани композиции за реализација на темата:**
групи оркестарски инструменти преку слушање на делото „Петре и волкот"
https://www.youtube.com/watch?v=9ueGfjBKbiE&t=1s&ab_channel=DigaPix-
оркестар:
https://www.youtube.com/watch?v=E9PiL5icwic&list=RDE9PiL5icwic&start_radio=1&rv=E9PiL5icwic&t=60  Равел: Болеро (фрагменти по избор на наставникот)
жичени
https://www.youtube.com/watch?v=UzEX0-nwN4Y&feature=share&fbclid=IwAR0ng-ozMF3-jHbQHST1ipY63dVHo- Моцарт: „Мала ноќна музика" 1 став, Allegro фрагмент
дувачки
https://www.youtube.com/watch?v=NEKD0UO1RMg - Дизни: 13 теми од анимирани филмски хитови  - оркестар

https://www.youtube.com/watch?v=AXAe9wWJwXA - Касела:  Технологија, за оркестар од ударни инструменти

инструменти:
Хармоника
https://www.youtube.com/shorts/TcKVO91u9DY Тома Прошев: Моето коњче
https://www.youtube.com/watch?v=CgCMBFcifVE Тема од филмот, Пиратите од карибите: Тој е Пират
https://www.youtube.com/watch?v=elYSQkTWfTw&ab_channel Пјацола: Либертанго
https://www.youtube.com/watch?v=2qDCQ3S2Ajo  Најдоброто од класичната музика на хармоника

гитара
https://www.youtube.com/watch?v=KzEFQW9CXGc   Родриго: Концерт за Аранхуез, 2 став-. Adagio / изведува Пабло Санз Вилера
https://www.youtube.com/watch?v=BJKYjXe6ACE&ab_channel=aissav- Изведба на инструмент гитара, од дете-изведувач
https://www.youtube.com/watch?v=zuQ1Hfy_DNA Вивалди: Концерт за гитара и жичани инструменти, во D-dur
https://www.youtube.com/watch?v=gG3bV1ZWYng Рок балади 70-ти и 80-ти, електрична гитара

тамбура/чифтелија

https://www.youtube.com/watch?v=gCxphJHU5Ds- Осоговско оро, на тамбура
https://www.youtube.com/watch?v=x2CZ3_f1Vy8&ab_channel=RatkoDautovski- Драган Даутовски на тамбура, фрагменти по избор на наставникот
https://www.youtube.com/watch?v=45CwRE9l71A&t=18s&ab_channel=albafolk2007/- Чифтелија, изведувач на инструментот чифтелија
https://youtu.be/2IBf98lli-k изведба на чифтелија, Doruntina Rexhepi

ќемане
https://www.youtube.com/watch?v=mgyTlvE0B1A&t=39s&ab_channel=ArhivaMakedonija- Документарен филм за изработка на ќемане
https://www.youtube.com/watch?v=6QkfDX4AwO0&ab_channel=TosheOgnjanov- изведувач на инструментот ќемане

музика за деца
https://www.youtube.com/watch?v=OxJLBq2R44s Оро без граници, детски хор „Гласот на децата на Скопје“
https://www.youtube.com/watch?v=TDBaXdHGexw Билјана платно белеше, детски хор „Македонски ѕвончиња“
https://www.youtube.com/playlist?list=PLudg2mgYY40ArIkpl2iCTrKUk0ZKIv1oO- детски албуми на македонски композитори

класична музика
https://youtu.be/8gjNhJ7l7Mk Сен-Санс: Кенгур - отсечно
https://www.youtube.com/watch?v=cXEy_UfSgCU Сен-Санс: Лебед - поврзано
(двете композиции може да се искористат и за движење)
https://youtu.be/_HPtSftZ3b0 Мусоргски: Балетот на неиспилените пилиња (оркестар), отсечно
https://www.youtube.com/watch?v=8cJSbWtTia4 Мусоргски: Балетот на неиспилените пилиња - оркестар, анимација
https://www.youtube.com/watch?v=rDdcw_p3eJg- Чајковски: Лебедово езеро - Танцот на малите лебеди (вовед во балет)
https://www.youtube.com/watch?v=nKYyZGtQaok Чајковски: Оревокршачка - Кинески танц (вовед во балет)

народна музика
https://www.youtube.com/watch?v=enXw5SuU9qo/https://www.youtube.com/watch?v=PzW2hBOvD0Y Народни обичаи - Свадба, Саса, Македонска Каменица
https://www.youtube.com/watch?v=Z8bRVeZ91IM Јовано, Јованке - Тоше Проески
https://www.youtube.com/watch?v=hxloPBI_KYs&ab_channel=LjubomirTrpovski , Вокална група НУ „Танец“ Седна падна да вечера
https://www.youtube.com/watch?v=UzsXEIRfD50&ab_channel- Солист НУ „Танец“, Филка мома“
https://youtu.be/Fg0Z8lOyYk4 Не стој Доне Донке - детски хор „Македонски ѕвончиња“ и група „Калабалак“
https://youtu.be/RXOB1hWQUHw Битола мој роден крај - детски хор „Македонски ѕвончиња“
https://youtu.be/RnJHUHkrfQo Го пратиле дедо в'планина - детски хор „Македонски ѕвончиња"

За босански наставен јазик
https://youtu.be/hQMNidiJHqI Tamburalo momče
https://youtu.be/Bv-XmrTEf-g Tuzlanski Tamburaši - Kopriva
За српски наставен јазик
https://youtu.be/QUBHPnsYBRE Растао сам поред Дунава
За албански наставен јазик
https://youtu.be/yJOb3ASPYBc Vallja e Shotes/Шота
https://www.youtube.com/watch?v=SqebZM1eDtI Vallja e Rugoves/Танц на Ругова
https://youtu.be/LzdCT3Llnkc Me mbesen time sot po kendoj/Денес пејам со внуката
https://youtu.be/x0jXbx7_m_8 Kur bie fyelli çiftelia/Кога свири шупелка и чифтелија
За турски наставен јазик
https://youtu.be/JsE05nXQPwo Традиционална музика
https://www.youtube.com/watch?v=ag0D16-y0to Üsküdar'a Gider İken/По пат во Ускидар

https://www.youtube.com/watch?v=gyGPu2CdxWw Muharem Serbezovski - Rovela o Demo/Демо плаче (на ромски јазик)
https://www.youtube.com/watch?v=UcaHAL38j4M Esma Redzepova - Caje Sukarije/Убава девојко (на ромски јазик)
https://www.youtube.com/watch?v=3E3vDRGk47A Shaban Bajramovic - I Barval Phudela/Ветерот дува (на ромски јазик)

музика од анимиран филм
https://www.youtube.com/watch?v=BxANT4izShI Пепелашка - Песна на птиците и глувците (високи гласови)
https://www.youtube.com/watch?v=6BH-Rxd-NBo Могли - Песна на мечката (низок глас)
https://www.youtube.com/watch?v=CkSgqAOwUtw&list=PLIYQqiinoJ49bCTXst_RJQDPizSf-BVbq Книга за џунглата – Могли
https://www.youtube.com/watch?v=mzABW42AIhM Кралот лав – Хакуна матата
https://www.youtube.com/watch?v=CF-c1K3WWg4&list=PLGYGe2PKknX2kydiv28aq8dBXBWeJfxgg- Кралот лав

Тема: **ПЕЕМЕ, СВИРИМЕ И ИГРАМЕ**
Вкупно часови: 18

**Резултати од учење:**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да:

1. пее песни, самостојно и во група, почитувајќи ги правилата и техниката на пеење,
2. свири на детски музички инструменти по слух со правилна техника на свирење со употреба на изучените музички елементи,
3. пее и свири едноставни мелодиски вежби по нотен запис со употреба на изучените музички елементи,

4. се изразува креативно (согласно карактерот на музиката) преку учество во музички игри и танци, со примена на изучените музички елементи.

| Содржини (и поими): | Стандарди за оценување: |
|---|---|
| • Песни и броеници во опсег до1 - си1 | • Демонстрира јасна дикција, точна артикулација и ритам при кажување броеници.<br>• Пее одреден број песни за деца и народни песни во опсег до1-си1 со правилен пејачки став и правилно дишење.<br>• Пее со другите во група со усогласено темпо, динамика и ритам. |
| • Детски ритмички и мелодиски инструменти<br><br>(ритмички стапчиња, барабан, тропалки, триангл, чинели, дајре, тапани во различни големини, кастањети, гонг, чинели, ксилофон, маракас, металофон, мелодика, блок флејта/шупелка) | • Ги препознава детските ритмички и мелодиски инструменти по бојата на звукот.<br>• Го следи ритамот при изведување броеници и песни, произведувајќи звук со своерачно изработени тропалки, предмети и детски ритмички инструменти.<br>• Правилно применува музички изразни компоненти (брзина, јачина, траење, артикулација) при свирење на детски ритмички и мелодиски инструменти |
| • Вовед во пеење и свирење по нотен запис<br><br>(тонови сол1, ми1, ла1, ре1, до1; ритам - четвртина нота, четвртина пауза, тактирање) | • Идентификува положба на ми1, сол1, ла1, ре1, до1 на петолиние.<br>• Изговара со тактирање и свири на ритмички инструменти елементарни ритмички вежби со четвртини ноти и паузи.<br>• Пее со тактирање и свири на мелодиски инструменти елементарни мелодиски вежби со изучените тонови и четвртини ноти и паузи по нотен запис.<br>• Употребува виолински клуч и изучените тонови во сопствениот нотен запис. |
| • Музички игри<br><br>(пеење, играње, танцување, оро, марш, валцер и дурги популарни танци во дводелен, триделен и нерамноделен такт, игри на етничките заедници кои живеат во РС Македонија и од други народи во светот, елементи на балет). | • Учествува во музички игри со пеење и свирење на детски ритмички и мелодиски инструменти.<br>• Го следи видот/карактерот на музиката со своите движења (оро, марш, валцер, движења од игри на етничките заедници кои живеат во РС Македонија и од други народи во светот, елементи на балет).<br>• Пее и се движи во соодветен ритам во музичките игри. |
| • Музичко изразување и творење<br><br>(слободно музичко изразување, творење/создавање). | • Поврзува мелодија и ритам со движења.<br>• Креира кратки ритмички и мелодиски целини придружени со плескање, чекорење или разни видови детски ритмички и мелодиски инструменти.<br>• Создава едноставни кореографии со елементарни чекори и движења, соодветно на карактерот на музиката. |

**Примери на активности:**

- Наставникот заедно со учениците обработува песна по слух. Прво се обработува текстот, со разговор за содржината и непознатите зборови, со ритмичко изговарање на зборовите со јасна и чиста дикција и точно акцентирање на одредени слогови. Потоа се учи мелодијата заедно со текстот по фрази и поголеми целини. На крај песната се пее целосно со интерпретациски елементи: динамика, темпо, карактер, фразирање. Се внимава на правилно дишење и поставеност на телото.
- Учениците го следат ритамот, темпото, динамиката и артикулацијата на слушаните композиции и песни користејќи детски ритмички инструменти и/или своерачно изработени инструменти.
- Учениците свират на мелодиски инструменти (металофон, мелодика, блок флејта/шупелка и други според можностите и афинитети на учениците) по слух, употребувајќи ја правилната позиција на прстите и основната техника на свирење.
- Учениците ја одредуваат положбата на нотите сол1, ми1, ла1, ре1 и до1 преку поставување слики на петолиние на соодветното место.
- Учениците се делат во два круга за да играат „Балет“. Наставникот им пушта на учениците видеоснимка/аудиоснимка, а учениците според музиката се движат како балетани/балерини на музичкиот пример за поврзано/отсечно (https://youtu.be/53lc7pP1SY4 - Legato / Staccato Movement).
- Учениците се движат на музиката на „Кенгур“ и „Лебед“ според темпото (отсечно, односно поврзано).
- По запознавањето со кореографските нумери „Танцот на малите лебеди“ и „Кинескиот танц“ учениците се движат на музиката, имитирајќи ги танчарите или правејќи свои движења како балетани/балерини.
- Наставникот ја чита приказната за „Петре и волкот“, а учениците според своите поделени улоги ја драматизираат со движење на претходно направена сценографија. Пример за наставникот: https://youtu.be/J8wMOkP816Y – „Петре и волкот“ (драматизација)
- Учениците се запознаваат со мексиканскиот танц „Ла Распа“. Прво се учат ритмички делови со помош на чашка според упатствата: https://www.youtube.com/watch?v=XooeCc6DKgs&ab_channel=RhythmRecess- . Откако ќе се совлада римичкиот образец, се учат чекорите во танцот, според видеото со упатства: https://www.youtube.com/watch?v=Fl-WcwNJKu0&ab_channel=FolkdanceNoa-am- . Танцот се игра во парови. На почетокот телото е во исправена позиција со рацете на половина. Нозете се движат. А дел: 3+3 пауза 3+3 пауза – ножици. Б дел: вртење во круг со партнерот под рака (2 такта), промена на страната (2 такта). А делот се повторува. Б делот се повторува.
- Учениците се запознаваат со „Полка“. На почеток телото е исправено, рацете се вкрстени напред. А дел: рацете вкрстени напред, изменично менување на ногата на страна. Б дел: рацете се вкрстуваат и отвараат странично напред, движењето во нозете останува исто. Б дел: 4 потсококнувања на лево, 4 потскокнувања на десно, 1 кружно движење околу себе. Б дел се повторува.
  Линк со упатствата: https://www.youtube.com/watch?v=e-vDTAX4iBE&t=5s&ab_channel=Dance%27nBeatsLab-

**Препорачани композиции за реализација на темата:**
детски песни
https://youtu.be/UgEZzu6ErDY Златно Славејче: Ајде

https://youtu.be/OvYAE5Gk4vY Штом си среќен
https://youtu.be/NJArLQwDQWI Поточиња: Еко песна
https://youtu.be/5de3aZhJ4hc Поточиња: Деца од целиот свет
https://www.youtube.com/watch?v=4YFwnu2qihQ Поточиња: Пролет
https://www.youtube.com/watch?v=xoZYy58AkO4 Ѕвездулка
https://www.youtube.com/watch?v=zsfH-xLtteA Шумска караница – градски детски хор „Гласот на децата на Скопје“
https://www.youtube.com/watch?v=XZUnFuoETvA Дајте музика: Кире бананамен
https://www.youtube.com/watch?v=3SlpiDdKOfI Дајте музика: Црни, жолти, бели
https://www.youtube.com/watch?v=Jud_yoAVCUA Дајте музика: Пријател

Музика наменета за музички игри и движење (другите примери од листата исто така можат да се искористат за музички игри)
https://www.youtube.com/watch?v=rDdcw_p3eJg Чајковски: Лебедово езеро - Танцот на малите лебеди (за изведување кореографија)
https://www.youtube.com/watch?v=nKYyZGtQaok Чајковски: Оревокршачка - Кинески танц (за изведување кореографија)

https://youtu.be/8gjNhJ7l7Mk Сен-Санс: Кенгур - отсечно (за музичка игра со движење)
https://www.youtube.com/watch?v=cXEy_UfSgCU Сен-Санс: Лебед - поврзано (за музичка игра со движење)

**Народни и детски песни за другите наставни јазици**
За босански наставен јазик
https://youtu.be/ETPSPr0rbLw Sve naše ljubavi - Dječiji hor "Princess krofne"/Сите наши љубови – Детски хор „Принсес крофни“
За српски наставен јазик
https://youtu.be/IKiztfdc7Hs Музика на струју - дечји хор Чаролија/Музика на струја – детски хор Волшепство
https://www.youtube.com/watch?v=nRl407E4kxs Колачићи - дечји хор Чаролија/ Колачиња – детски хор Волшепство
https://youtu.be/kVBLAY852bg Сплет српских игара - Колибри/Детски хор РТС / Симфонијски оркестар/Сплет српски игри
За албански наставен јазик
https://youtu.be/ShscnBNpKes - Kori i femijeve "Sounddance" /Ora/Час
https://youtu.be/jfeTYows9oE Cila jam cila je/Која сум која си
https://youtu.be/Aq6ps5srUvU Fëmijët janë vet bukuria/Децата се самата убавина
https://youtu.be/V6nYnqDnnwI Ty në rërë të vizatoj/Тебе на песок те цртам
https://youtu.be/tvIAJiT9l5M Kori i zogjve/Песна на птиците
https://youtu.be/we0NeMKbniQ Ne jemi gjelbërimi/ Ние сме зеленилото
https://youtu.be/Y6Idc5tJz64 4 Stinët/4 Годишни времиња
https://youtu.be/iXCz3wmg_7M Do, re, mi (од анимиран филм)

За турски наставен јазик
https://youtu.be/rGGZnh8W7Oo Gezegenler/Планети

https://youtu.be/jgYlHOlcw2U Bilmece/Сложувалка - TRT Ankara Radyosu Çok Sesli Çocuk Korosu
https://www.youtube.com/watch?v=iOM0uwSC0U4 Masallara İnan/Верувај во бајките
https://www.youtube.com/watch?v=0Cpe4YqA1Bs Hayat Bayram Olsa/Да беше животот како празник

https://www.youtube.com/watch?v=XIdEWP3R-7c Fulio - Chavorikani parada/Детска парада (на ромски јазик)
https://www.youtube.com/watch?v=xkJYDRgSo9w Sadije - Mamo I Love You/Мамо ај лав ју (на ромски јазик)

## ИНКЛУЗИВНОСТ, РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ/СЕНЗИТИВНОСТ, ИНТЕРКУЛТУРНОСТ И МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Наставникот обезбедува инклузивност преку вклучување на сите ученици во сите активности за време на часот. Притоа, овозможува секое дете да биде когнитивно и емоционално ангажирано преку користење на соодветни приоди (индивидуализација, диференцијација, тимска работа, соученичка поддршка). При работата со учениците со попреченост применува индивидуален образовен план (со прилагодени резултати од учење и стандарди за оценување) и секогаш кога е можно користи дополнителна поддршка од други лица (лични и образовни асистенти, образовни медијатори, тутори волонтери и професионалци од училиштата со ресурсен центар). Редовно ги следи сите ученици, особено оние од ранливите групи, за да може навремено да ги идентификува тешкотиите во учењето, да ги поттикнува и поддржува во постигнувањето на резултатите од учењето.

При реализација на активностите наставникот еднакво ги третира и момчињата и девојчињата, при што води грижа да не им доделува родово стереотипни улоги. При формирање на групите за работа настојува да обезбеди баланс во однос на полот. При избор на дополнителни материјали во наставата користи илустрации и примери кои се родово и етнички/културно сензитивни и поттикнуваат родова рамноправност, односно промовираат интеркултурализам (на пример, во текстуалните задачи се користат имиња карактеристични за припадници на различни етнички заедници и се внимава на машките и женските ликови да не се поврзуваат со родово стереотипни улоги).

Секогаш кога е можно наставникот користи интеграција на темите/содржините/поимите при планирањето и реализацијата на наставата. Интеграцијата овозможува учениците да ги вклучат перспективите на другите наставни предмети во она што го изучуваат во овој наставен предмет и да ги поврзат знаењата од различните области во една целина.

## ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

За да овозможи учениците да ги постигнат очекуваните стандарди за оценување, наставникот континуирано ги следи активностите на учениците за време на поучувањето и учењето и прибира информации за напредокот на секој ученик. За учеството во активностите, учениците добиваат повратна информација во која се укажува на нивото на успешност во реализацијата на активноста/задачата и се даваат насоки за подобрување (формативно оценување). За таа цел, наставникот ги следи и оценува:

- усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;
- индивидуалната практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри);
- практичната изведба во група.

При следењето на постигањата на учениците наставникот треба особено да внимава на индивидуалниот пристап за постигањата на секој ученик/ученичка поединечно. Сите изведбени активности на ученикот/ученичката се оценуваат според активното учество, а не според нивото на развиеност на слухот, пејачкиот глас и моторичките способности.

На крајот на учебната година се изведува сумативна описна оценка на постигнатите стандарди за оценување.

| | |
|---|---|
| **Почеток на имплементација на наставната програма** | 2023/2024 година |
| **Институција/<br>носител на програмата** | Биро за развој на образованието |
| **Согласно член 30, став 3 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19 и 229/20) министерот за образование и наука ја донесе наставната програма по предметот *Музичко образование* за III одделение.** | бр. 12-14413/4<br>28.11.2022 година<br><br>Министер за образование и наука,<br>Jeton Shaqiri<br><br>_____________________________ |